Врз основ на Програма за работа на Дом на култура КВК Скопје за 2022 година (Сл.Гласник на Општина Кисела Вода бр. 01/2022), Општина Кисела Вода објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
**за избор на најдобри музички бендови**

Општина Кисела Вода во склоп на проектот „БИТКА НА БЕНДОВИ" од Програма за работа на Дом на култура КВК Скопје за 2022 година, објавува јавен повик за пријавување на музички групи и бендови кои би имале свои изведби на отворено во централното подрачје на општината, во рамки на Културното лето 2022 година.

Овој проект се одржува за прв пат и има за цел културно заживување на духот на општината. Од музичките бендови се очекува да понудат атрактивна содржина и да ја надополнат и збогатат атмосферата на манифестацијата. Општина Кисела Вода се грижи за збогатувањето на културата на локално ниво и овој проект оди во насока на надополнување на случувањата кои се предвидени во програмата на Културното лето 2022 година.

Огласот е отворен од денес, понеделник, 13.06.2022 година, до петок, 17.06.2022 година. Клучните критериуми кои ќе бидат земени во предвид при изборот на најдобар музичките бенд се нивото на техничката изведба и визуелната презентација. Изборот ќе го врши комисија формирана од Градоначалникот на Општина Кисела Вода.
Наградата за најдобриот бенд ќе биде организација на целовечерен концерт од страна на Општина Кисела Вода.
Пријавите да се доставуваат во архивата на општината со назнака - "За избор на најдобари музички бендови"
За повеќе информации во однос на огласот и за деталите околу начинот на пријавување може да се обратите кај лицето Сашо Јованоски, тел. број 070/268 076, meil: saso.jovanoski@kiselavoda.gov.mk